ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:31-301/4**

**Дата: 04.02.2013**

**ДО**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) за 2011 година на Општина Пробиштип.

Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на општина Пробиштип за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на расходи на буџет на дотации (937) за 2011 година на Општина Пробиштип изразивме мислење без резерва.

На оваа сметка се евидентирани трансферите од Министерството за внатрешни работи по основ на наменски дотации за извршување на расходите за финансирање на територијалната противпожарна единица во делот на платите и надоместоци поврзани со работата. Средствата се користат за основни плати, надоместоци и придонеси за социјално осигурување од работодавачите.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________________

## 1.Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) за 2011 година на Општина Пробиштип, кој се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на општина Пробиштип за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Тони Тоневски, градоначалник на Општина Пробиштип во 2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Пробиштип се користени

за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи се да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени процени направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој

извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во деновите 19 и 20 ноември 2012 година кај Општина Пробиштип од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на 22.11.2012 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 31 -163/6 од 25.12.2012 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија не утврдија неправилности.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Пробиштип на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на расходи на буџет на дотации (937) во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 29.01..2013 година

ОПШТИНА ПРОБИШТИП

СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (937)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 4.120 | 3.752 |
| **Вкупно приходи** | | **4.120** | **3.752** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надомести | 3.2.1. | 4.120 | 3.752 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4.120** | **3.752** |
| **Вкупно расходи** | | **4.120** | **3.752** |

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

**СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (937)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 348 | 325 |
| **Вкупно тековни средства** | | **348** | **325** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **348** | **325** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.1. | 348 | 325 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **348** | **325** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **348** | **325** |